Архивски број: 08-55/9
________ година

08-05-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-720/1 од 25.11.2024 година поднесена од против Борко Ристовски, министер за спорт, за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на министерот за спорт – Борко Ристовски врз .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација архивирана е претставка бр. 08-720/1 од 25.11.2024 година, поднесена од страна на за сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на министерот за спорт – Борко Ристовски.

Согласно наводите на претставката, подносителката наведува дека на 12.7.2024 година било донесено решенија за нејзина суспензија од работното место бр. 04-1442/1, за кое смета дека содржи низа формални и суштински пропусти и истото создава погрешна или нецелосна примена на материјалното право, при што против ваквото решение поднела жалба бр. 09-335/1 до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Следствено на ова, наведено е дека согласно одлуката на второстепениот орган, Решението за суспензија е поништено и предметот се враќа на првостепениот орган со цел повторно разгледување и одлучување. Оттука, во претставката е наведено дека првостепениот орган не ги зема овие насоки во предвид и продолжил со носење на незаконски решенија и груба повреда на правата на подносителката, особено на уставно загарантираната презумпција на невиност, бидејќи на 4.9.2024 година повторно било донесено решенија за нејзина суспензија.

Во продолжение на ова, подносителката наведува дека во периодот до донесувањето на второстепената одлука, таа поднела писмено барање за користење на годишен одмор на 2 наврати (бр.04-1409/26 на 14.8.2024 година и бр.04-1409/38 на 23.8.2024 година), при што истакнува дека на ниту едно од нив не добила одговор, произнесување или одобрение на истите.

Во однос на наводите за сторена директна дискриминација, во претставката е наведено дека првични решенија за суспензија од работното место добиле тројца вработени во Агенцијата за млади и спорт, кои се состоеле од (подносителката), и , поради фактот што се опфатени со постапка за утврдување на одговорност за кривично дело во постапка бр. К-884/24 поведена од страна на Основно јавно обвинителство Скопје. Оттука, наведено е дека по обжалувањето на трите поединечни

решенија за суспензија, настапил нерамноправниот и дискриминаторски третман од страна на министерот за спорт. Имено, подносителката наведува дека на вработениот кој во кривично правниот предмет е опфатен како Претседател на Централната комисија за евалуација на предлог – листите за доделување на ваучери, а, му било одобрено користење на годишен одмор и не било донесено ново решение за негова суспензија, за разлика од фактичката ситуација на подносителката и третото наведено лице опфатено со кривичната постапка, кои се членови на претходно наведената комисија.

Согласно погоре наведеното, подносителката смета дека ѝ се прекршени нејзините права, како и законските одредби кои се однесуваат на условите и правилата за однесување на работодавачот согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што е ставена во понеповолна положба и трпи нееднаков третман во однос на друг вработен, за кого не е донесено ново решение за суспензија и му е одобрено користење на годишен одмор.

На крајот на претставката, подносителката се повикува на претходно донесено мислење од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бр. 08-168/14 од 29.11.2022 година, за кое наведува дека станува збор за слична фактичка ситуација како и нејзината, а каде Комисијата утврдила дискриминација врз основа на политичко уверување и личен и општествен статус.

Во прилог на претставката беше доставен следната документација:

- Решение за суспензија арх. бр. 04-1442/1 од 12/7/2024 година;
- Приговор/жалба до Агенција за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен бр.09-335/1 од 18.7.2024 година;
- Барање за користење годишен одмор заведено под арх. број 04-1409/26 од 14.8.2024 година;
- Одлука на Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен при Агенција за администрација арх. бр. 09-335/4 од 15.8.2024 година;
- Повторно барање за користење на годишен одмор бр. 04-1409/38 од 23.8.2024 година;
- Второ решение за суспензија арх. бр. 04-1442/6 од 4.9.2024 година;
- Решение за користење на годишен одмор за вработениот , арх. Бр. 04-5/86 од 13.9.2024 година;
- Извадок од нацрт – записник од 42-та седница на Владата одржана на 26.1.2021 година, бр. 40-17/41;
- Обвинителен предлог КО бр. 765/23 од Основното јавно обвинителство Скопје од 29.4.2024 година;
- Мислење на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бр. 08-168/14 од 29.11.2022 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.12.2024 година испрати Известување бр. 08-720/2 за произнесување по наводите од претставката до министерот за спорт Борко Ристовски.

На ден 10.1.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Министерството за спорт, заведено под арх. бр. 08-55/1.

Во произнесувањето, истакната е фактичката состојба согласно која подносителката како административен службеник е вработена во Министерството за спорт, распоредена на

работно место Самостоен референт за билатерална и мултилатерална соработка и евроинтеграција во Секторот за евроинтеграција и меѓународна соработка. Оттука, наведено е дека во времето на донесување на решението на суспензија, подносителката била распоредена во Агенција за млади и спорт, на работно место самостоен референт за материјално работење во одделение за буџетска контрола, координација, сметководство и плаќање, Сектор за правни и финансиски прашања. Во произнесувањето е нагласено дека Министерството за спорт е правен наследник на Агенцијата за млади и спорт, согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник бр. 121/24), при што Министерот за спорт, како раководно лице на министерството го донел Решението за суспензија на подносителката бр. 1442/6 од 4.9.2024 година.

Во однос на предметното решение за суспензија, истакната е следната фактичка состојба: Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија/ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција до Основниот Кривичен суд Скопје поднесе обвинителен предлог против 3 лица од Агенцијата за млади и спорт, за кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „несовесно работење". Ваквиот обвинителен предлог бил поднесе врз основа на иницијативата на Државната комисија за спречување на корупцијата - одлука бр. 12-632/2 од 13.2.2023 година, при што обвинителниот предлог против подносителката е поднесен за несовесно работење.

Оттука, во произнесувањето е наведено дека Министерството за спорт, пред донесување на решението за суспензија на подносителката на претставката, доставило барање до Основен кривичен суд Скопје за издавање потврда дека тројца вработени во Агенција за млади и спорт се дел од кривичен предмет К.бр.884/24, што и било потврдено во Известување бр. 02-1647/2 од 13.8.2024 година издадено од страна на Кривичниот суд.

Во однос на решението за суспензија, истото е донесено врз основа на членовите 80 и 96 од Законот за административни службеници, при што согласно член 80 став 2 и 3 од Законот:

*„(2) Административниот службеник може да биде суспендиран од институцијата во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата е од таква природа што неговото понатамошно присуство во институцијата додека трае постапката штетно ќе се одрази врз институцијата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.*
*(3) Суспензијата од ставот (2) на овој член може да трае до донесувањето на правосилно решение. "*

Во однос на член 96 од наведениот закон, истиот гласи;

*„Административниот службеник кој врз основа на решение е суспендиран од институцијата, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесување на решението за суспензија."*

По донесеното решение за суспензија на подносителката на претставката, таа поднела жалба против истото до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Оттука, наведената Комисија донела Мериторна одлука со која жалбата на подносителката се одбива како неоснована а Решението за суспензија бр. 04-14412/6 од 4.9.2024 година се потврдува.

Во однос на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација согласно кои по повторното изрекување на мерката суспензија, не е повторно опфатено и третото лице –

административниот службеник кој во истата е наведен како компаратор, од страна на Министерството за спорт ја изнесуваат следната фактичка состојба:

Административниот службеник била распореден на работно место Соработник за меѓународна соработка и евроинтеграциски процеси, Одделение за меѓународна соработка и евроинтеграциски процеси во Сектор млади. Оттука, наведено е дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник бр. 121/24), Агенцијата за млади и спорт се укинува, а работите од нејзина надлежност преминуваат во Министерството за спорт и Министерството за социјална политика, демографија и млади. Притоа, согласно член 28 став 8 и член 29 од Преодните и завршни одредби на Законот, вработените кои ги вршат работите што се однесуваат за млади и соодветната опрема, инвентар и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањата на обврските, како и други средства од Агенцијата за млади и спорт што се однесуваат на млади се преземаат во Министерство за социјална политика, демографија и млади, додека останатите вработени, средства и инвентар, архивата, документацијата, средствата за работа, побарувањата и намирувањата на обврските како и други средства од Агенцијата за млади и спорт преминуваат во Министерството за спорт. Согласно претходно наведеното, административниот службеник бил преземен од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, при што Министерот за спорт наведува дека поради тие причини, тој нема законски основ на да му ја повтори суспензијата и дека предметот го преотстапиле за решавање во надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Во однос на наводите од претставката согласно кои Министерството за спорт нема испратено одговор на жалбите до второстепената комисија при Агенцијата за администрација, во произнесувањето е истакнато дека токму од горенаведената причина тие не одговориле, односно констатирале дека кон лицето е дискутабилно изрекувањето на било каква мерка од страна на Министерот за спорт во околности кога конкретниот административен службеник согласно ЗОРОДУ преминува со работни обврски и права во надлежност на друго министерство. Во продолжение на произнесувањето, дополнително е истакната уште една причина поради која Министерството за спорт не изрекло повторна мерка суспензија на административниот службеник поради фактот што во тој период неговиот здравствен статус бил покриен со подолго боледување.

Во прилог на произнесувањето, Министерството за спорт ја достави следната документација:

- Решение за распоредување на административен службеник бр. 04-2750/1 од 6.12.2024 година, издадено од Министерство за спорт;
- Решение за распоредување на административен службеник бр. 04-1750/15 од 21.10.2015 година издадено од Агенција за млади и спорт;
- Решение за распоредување на работник – државен службеник бр. 04-1108/4 од 17.6.2015 година издадено од Агенција за млади и спорт;
- Решение за суспензија на бр. 04-1442/6 од 4.9.2024 година, издадено од Министер за спорт;
- Одлука на Државна комисија за спречување на корупцијата бр. 12-632/2 од 13.2.2023 година;
- Барање потврда за оформен кривично правен предмет К.бр. 884/24 од страна на Министерство за спорт бр. 02-1647/1 од 6.8.2024 година;
- Известување од Кривичен суд бр. 02-1647/2 од 13.8.2024 година;
- Решение за укинување на одложното дејство на жалбата по Решението за суспензија бр. 04-1442/6 од 4.9.2024 година, бр. 04-1442/8 од 18.9.2024 година;
- Мериторна одлука на Агенција за администрација бр. 09-120/6 од 1.10.2024 година;

- Известување за отворање на боледување на административниот службеник 12.7.2024 година, со прилог извештаи за привремена спреченост за работа почнувајќи од 12.7.2024 до 10.9.2024 година;
- Барање за прекинување на годишен одмор за согласно Решение бр. 04-5/86 од 13.9.2024 година поради отворено боледување на 14.10.2024 година;
- Оценка за привремена спреченост за работа на од 29.10.2024 година до 28.11.2024 година.

На ден 29.1.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за спорт достави барање за дополнителни информации во врска со постапката согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со предметното барање, од Министерството за спорт беше побарано да дадат информации во однос на следното:

- Дали на лицето му било изречено решение за суспензија од работното место поради покрената кривична постапка, дали истото е укинато или сè уште е на сила, и доколку било укинато, на кој датум прекинала неговата важност?
- Дали лицето , поранешен вработен во Агенција за млади и спорт, по нејзиното укинување е преземен како вработен во Министерството за спорт или Министерството за социјална политика, демографија и млади како правени наследници на Агенцијата за млади и спорт?
- Доколку е вработен во Министерство за социјална политика, демографија и млади, кога го засновал тој работен однос?

Дополнително на ова, Комисијата достави уште едно барање за информации согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за социјална политика, демографија и млади на ден 29.1.2025 година, при што беа побарани следните информации:

- Дали лицето поранешен вработен во Агенција за млади и спорт, по нејзиното укинување е преземен како вработен во Министерството за социјална политика, демографија и млади како правен наследник на АМС?
- Доколку е вработен во Министерство за социјална политика, демографија и млади, кога го засновал тој работен однос?
- Дали против се води постапка за суспензија/е изречено решение за суспензија поради покрената кривична постапка против административниот службеник?

На ден 11.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на барањето за дополнителни информации од страна на Министерството за спорт, заведено под арх. бр. 08-55/4. Во истото, наведено е дека за административниот службеник било донесено Решение за суспензија број 04-1440/1 од 12.7.2024 година, при што истото било обжалено од негова страна до Агенција за администрација. Оттука, Комисијата на Агенција за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен донела Одлука бр. 09-334/4 од 15.8.2024 година со која го поништила Решението за суспензија на и бр. 04-1440/1 од 12.7.2024 година, поради непостапување на првостепениот орган согласно член 19 став 9 од Законот за административни службеници, а бил должен до второстепената комисија да достави потребна документација од битно значење за правилно решавање на предметот.

Во однос на фактот дека не е повторено решението за суспензија за административниот службеник , истакнати се следниве причини:

- При дополнително толкување на Законот за изменување и дополнување на ЗОРОДУ (Службен весник на РСП бр. 121/24), каде Агенција за млади и спорт се укинува, а работите од нејзина надлежност преминуваат во Министерството за спорт и Министерството за социјална политика, демографија и млади, Сектор млади преминува во Министерство за социјална политика, демографија и млади и Министерот за спорт во такви околности нема законски основ на да му ја повтори суспензијата.
- Административниот службеник зо периодот од 12.7.2024 година до 28.11.2024 година бил во континуитет на боледување и еднократно користење на годишен одмор и во такви околности дополнително и да не би бил распределен со решение во сектор млади во Министерството за социјална политика, демографија и млади, не би било возможно да се изрече мерка суспензија во периодот на боледување или користење на годишен одмор.

Во однос на прашањето кога компараторот ı преминал во Министерството за социјална политика, демографија и млади, најпрво е наведено дека тој во Агенција за млади и спорт бил распореден со Решение за распоредување бр. 04-23/25 од 7.2.2019 година на работно место Соработник за меѓународна соработка и евроинтеграциски процеси, во Одделение за меѓународна соработка и евроинтеграциски процеси во Сектор млади. Оттука, во Министерството за социјална политика, демографија и млади бил преземен со Решение за распоредување на работно место бр. 04-756/7 од 21.11.2024 година од 1.11.2024 година. Во прилог на претходно наведеното, дополнително е истакнато дека просторно останува во Министерството за спорт за да ги обавува работните задачи до февруари 2025 година.

Во продолжение на ова, наведено е дека Министерството за социјална политика, демографија и млади како правен наследник на Агенција за млади и спорт во делот на млади, требало да ги презема вработените од секторот за млади на АМС со сета опрема, документација, побарувања и обврски во рок од 5 месеци од стапување на сила на ЗОРОДУ бр. 121/24 заклучно со 10 ноември 2024 година. Дополнително, истакнато е дека заради комплексноста на сите организациони функции кои требало да се воспостават со Централен регистар, Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување, Фондот за здравствено осигурување, Координативното тело за имплементација на измените на ЗОРОДУ при Владата на РСМ, Министерството за спорт било впишано во Централниот регистар на 3.7.2024 година, додека Агенцијата за млади и спорт била избришана во ЦР на 1.11.2024 година. Притоа, во ваквата фаза на трансформација и реорганизација и во околности на низа законски недоречености кои произлегле со донесувањето на ЗОРОДУ бр. 121/24, вработените во сектор млади просторно останале да бидат сместени во Министерството за спорт, работно се евидентирале во Министерството за спорт и заклучно со месеците јуни, јули, август, септември и октомври 2024, платите им биле исплатени од сметката на Агенција за млади и спорт со целосна кадровска, правна и информатичка логистика од Министерството за спорт. Притоа, истакнато е дека вработените во сектор млади, дури во текот на месец февруари 2025 година просторно започнале да се сместуваат во просториите на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Во прилог на доставениот одговор со дополнителни информации, беше доставена следната документација:

- Решение за суспензија на ı бр. 04-1440/1 од 12.7.2024 година, донесено од страна на Министерот за спорт;
- Известување за отворено боледување на ı од 12.7.2024 година;

- Копија од интерна приемна книга на Министерство за спорт согласно која лицето одбива да го прими решението за суспензија бр. 04-1440/1 од 12.7.2024 година;
- Одлука на Комисијата на Агенцијата за администрација а одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен со која решението за суспензија 04-1440/1 од 12.7.2024 година се поништува и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување, бр. 09-334/4 од 15.8.2024 година;
- Извештаи за привремена спреченост за работа на
- Решение за користење на дел од годишен одмор за 2024 година за за периодот од 12.9.2024 до 15.10.2024 година, бр. 04-5/86 од 13.9.2024 година;
- Барање за прекин на годишен одмор поради боледување од 14.10.2024 година;
- Решение за вработување на неопределено време и распоредување на работно место во Агенција за млади и спорт бр. 04-23/25 од 7.2.2015 година;
- Овластување бр. 04-151/1 од 20.2.2021 година издадено од Агенција за млади и спорт;
- Решение за распоредување на административниот службеник во Министерство за социјална политика, демографија и млади од 1.11.2024 година, бр. 04-7566/7 од 21.11.2024 година;
- Решение за бришење на субјектот Агенција за млади и спорт Скопје во Централниот регистар на Република Северна Македонија од 1.11.2024 година.

На ден 11.2.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на барањето за информации од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади заведен под арх. бр. 08-55/5. Во однос на побараните информации, наведуваат дека административниот службеник а бил преземен како вработен во Министерството за социјална политика, демографија и млади со заснован работен однос на неопределено време на ден 1.11.2024 година. Дополнително на ова, наведено е дека во моментот на поднесување на предметниот одговор, против а не се води постапка за суспензија.

На ден 17.2.2025 година, Комисијата достави барање за доставување дополнителни информации во врска со претставката до подносителката на истата, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Со предметното барање, подносителката беше задолжена да даде образложение за наведениот дискриминаторски основ – личен и општествен статус, како и да даде информација доколку по поднесувањето на претставката за заштита од дискриминација повела и судска постапка за заштита од дискриминација.

На 25.2.2025 година, подносителката достави одговор на Барањето за дополнителни информации, заведено под арх. бр. 08-55/7. Во истиот, повторно е образложена фактичката состојба од носењето на првото решение за суспензија, до моментот во кој подносителката смета дека постои нееднаков третман во однос на наведениот компаратор , како и продолжението и штетните последици кои наведува дека ги трпи во продолжение на истиот.

Оттука, најпрво е истакнат моментот на донесување на Решението за суспензија на подносителката , бр. 04-1442/1 на 12.7.2024 година, при што незадоволна од ваквото решение, во законски предвидениот рок поднела Жалба до Агенција за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен. Како резултат на вака поднесената жалба, наведената Комисија го поништила Решението за суспензија и предметот го вратила на првостепениот орган на повторно разгледување и одлучување. Оттука, подносителката смета дека првостепениот орган продолжил со носење на незаконски решенија и повреда на нејзините права,

вклучително и на уставно загарантираното право на презумпција на невиност, при што повторно било донесено решение за нејзина суспензија. Дополнително на ова, подносителката наведува дека во периодот додека се чекало да биде донесена одлуката на второстепениот орган, на 2 наврати поднела писмено барање за користење на годишен одмор, при што на ниту едно од двете наведени барања не добила одговор ниту произнесување од страна на одговорното лице, истакнувајќи дека правото на годишен одмор е загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија.

Во продолжение на дополнувањето, подносителката образложува дека основот за директната дискриминација е во фактот што првични решенија за суспензија од работното место добиле тројца колеги вработени во Агенцијата за млади и спорт, кои се опфатени во постапка за утврдување на кривична одговорност. Оттука, подносителката наведува дека по обжалувањето на вака донесените решенија за суспензија до Второстепената комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници при Агенцијата за администрација и последователно добивање на позитивна одлука од истата, настапил дискриминаторскиот третман кон нејзе во однос на наведениот компаратор.

Во однос на претходно наведеното, подносителката истакнува дека на наведениот компаратор – нагласувајќи дека истиот е опфатен во кривично – правниот предмет како Претседател на Централната комисија за евалуација на предмет – листите за доделување на ваучери, му било одобрено користење на годишен одмор (арх. бр. 04-5/86 од 13.9.2024 година) и не било донесено ново решение за суспензија, додека на подносителката и уште еден колега кој бил дел од горенаведената Комисија, воопшто не им било одговорено на барањата за користење на годишен одмор и повторно било донесено ново решение за суспензија на ден 4.9.2024 година (арх. бр. 04-1442/6), спротивно на насоките на второстепениот орган.

Во однос на наведениот дискриминаторски основ, подносителката смета дека е дискримирана врз основа на разликата во стекнатото образование и личниот и општествен статус, со тоа што компараторот има високо образование, имал овластување за раководител на секторот за спорт и воедно ја извршувал функцијата на претседател на Централната комисија за евалуација на предлог – листите за ваучери, додека подносителката за себеси истакнува дека е со завршено средно образование и бил само член на посочената комисија за евалуација. Дополнително на ова, за компараторот наведува дека истиот има и друга функција согласно која смета дека ужива одреден општествен статус, со тоа што е директор на младинскиот клуб МЗТ – Скопје.

Врз основа на член 30 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на ден 7.4.2025 година оствари средба со подносителката на претставката за заштита од дискриминација , со цел прибирање дополнителни информации во врска со поднесената претставка за заштита од дискриминација.

Подносителката истакна дека наведениот дискриминаторски основ – личен и општествен статус го образложува во насока на поповолен третман кон наведениот компаратор – лицето ı, истакнувајќи наводи дека истото е поради неговиот личен и општествен статус, согласно наведените околности за неговата функција на директор на младинскиот клуб МЗТ Скопје и претседател на Централната комисијата за евалуација на предлог – листите за доделување на ваучери во рамките на Агенцијата за млади и спорт.

Во однос на истакнатите наводи во претставката, подносителката наведе дека не смета дека станува збор за повреда на нејзините права поради нејзиното политичко уверување, истакнувајќи дека не е партиски определена. Во однос на ова, подносителката наведе дека

компараторот и бил поврзан со политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, истакнувајќи дека неговата мајка била советник од редовите на оваа политичка партија во Општина Аеродром во мандатот на градоначалникот Ивица Коневски.

Дополнително, подносителката смета дека поповолниот третман кој му бил упатен на компараторот бил поради тоа што тој е бивши кошаркар, бил дел од националната репрезентација на кошаркарскиот тим на Македонија, нагласувајќи дека двата негови браќа се сè уште дел од таа кошаркарска репрезентација. Во однос на фактот дека претставката е поднесена против актуелниот министер за спорт – Борко Ристовски, подносителката дополнува со фактот дека и тој бил бивш репрезентативец за ракометната екипа, нагласувајќи дека постојат блиско оформени кругови на поранешни спортисти во рамките на Министерството за спорт, што смета и дека претставувало фактор во поповолниот третман кој го добил компараторот во однос на нејзе.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, добиеното произнесување, како и дополнително прибавените информации и документација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерот за спорт – Борко Ристовски врз огласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Член 80 од Законот за административни службеници (Службен весник бр. 210/2024) го уредува изрекувањето на мерка – суспензија на административен службеник и истиот гласи:

*„(1) Административниот службеник може да биде суспендиран од институцијата врз основа на решение на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.*
*(2) Административниот службеник може да биде суспендиран од институцијата во случаи кога против него е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата или е покрената дисциплинска постапка за дисциплински престап, а повредата е од таква природа што неговото натамошно присуство во институцијата додека трае постапката штетно ќе се одрази врз институцијата, односно ќе го осуети или оневозможи утврдувањето на одговорноста за дисциплински престап.*
*(3) Суспензијата од ставот (2) на овој член може да трае до донесувањето на правосилно решение."*

Имајќи ги предвид вака составените одредби, може да се воочи дека не се утврдени условите кои би претставувале правна пречка при изрекувањето на мерка суспензија, како што се наведени во произнесувањето – боледување или годишен одмор на административниот службеник на кого ваквата дисциплинска мерка му била изречена, или пак постапката за утврдување на дисциплинска одговорност би требало да се повтори, како што е и ситуацијата во конкретниот случај, согласно Одлука на Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори во втор степен. Оттука, Комисијата не утврди дека неповторувањето на постапката за изрекување на мерка суспензија конкретно за административниот службен е базирано врз неговиот личен и општествен статус како претседател на Централната комисија за евалуација на предлог

листата на спортски клубови и активни спортисти во постапката за доделување на спортски ваучери.

Следствено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основ на личниот и општествен статус на наведениот компаратор во претставката, при што не утврди дека истиот ужива поповолен третман од подносителката врз основа на наведената дискриминаторска основа – **личен и општествен статус**. Имено, наводите за сторена дискриминација кои се истакнати во претставката не воспоставуваат каузална врска помеѓу наведениот дискриминаторски основ и дејствијата на поранешниот работодавач на подносителката на претставката за заштита од дискриминација за кои е наведено дека претставуваат дискриминаторски третман. Притоа, наведената дискриминаторска основа лично својство и општествен статус не е поврзана со карактеристика по која компараторот се разликува од мнозинството, која би му гарантирала поповолен третман во текот спроведувањето или неспроведувањето на една дисциплинска постапка, при што статусот за кој подносителката истакнува дека наведениот компаратор го ужива не претставува личен статус кој тој го ужива во општеството и кој би можел да претставува причина за различно постапување во споредба со подносителката.

Имајќи ги ја во предвид горенаведената фактичка состојба, прибавените факти и докази и законската дефиниција за дискриминација, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на Министерот за спорт – Борко Ристовски врз .

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Скопје;
- Министер Борко Рисовски, Министерство за спорт, ул. „Македонија" бр. 38 – палата „Панко Брашнаров", 1000 Скопје